РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-783/6
20-10-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжение на 39-та седница одржана на ден 19.10.2020 година донесе

**Одлука**

Постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5216/1 од 15.11.2019 година доставена од анонимна пријава СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 09-5216/1 од 15.11.2019 година.

Предметот со број 09-5216/1 од 15.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5216/1 од 15.11.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека Основното Училиште ____________ - Општина _________, има склучен договор за тендер со фирмата _________ која е во сопственост на таткото и стрикото на градоначалникот на општина ___________ а управител е лицето ___________ кој е прв братучед на градоначалникот.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба, согласно своите законски надлежности писмено се обрати до ОУ __________ - Општина __________ за прибавување на потребните податоци и информации.

Од страна на директорот на ОУ ______________ - Општина ______ е доставено објаснување во кое се наведува дека во конкретниот предмет договорниот орган за своите потреби има објавено оглас преку ЕСЈН во согласност со ЗЈН, на кој оглас се доставени се 5(пет) понуди од страна на економските оператори, каде како најповолна понуда согласно поставениот критериум за избор, е избрана понудата на економскиот оператор ______________.

На седницата одржана на 18.05.2020 година, Државната комисија донесе Одлука да се запира постапка по истиот предмет, но на наредниот колегиум преотценувајќи ја донесената одлука заклучи да ги побара дополнително следниве документи кои се однесуваат на објавените огласи со бр. __/2018, бр. __/2018 за доделување на јавна набавка од 2018 година:

- начинот на реализацијата на договорите со број ______ од 02.08.2018 година и број ______ од 10.09.2018 година и
- дали е склучен анекс договор по реализација на истите.

Државната комисија на седницата одржана на 19.10.2020 година, по увидот во добиените документи доставени од страна ОУ __________ - Општина __________, констатира дека истите ја поткрепуваат веќе донесената одлука, по што оцени дека нема елементи, ниту индиции за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на седница на ДКСК

**Изработил:** Б.Ц., Советник

**Odобрил:** С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- Архива

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk